**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# УПРАВУВАЊЕ СО ВАЛУТНИОТ РИЗИК

| I | Тема | Вонбилансни позиции коишто претставуваат изложеност на валутен ризик |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | Дали вонбилансните позиции изразени во странска валута и во денари со девизна клаузула коишто претставуваат обезбедување за одобрените кредити треба да се вклучат во утврдувањето на отворената девизна позиција? |
| | Одговор | Согласно со Одлуката за управување со валутниот ризик (во понатамошниот текст: Одлуката), банката е должна во утврдувањето на отворената девизна позиција да ги вклучи сите вонбилансни позиции во девизи и во денари со девизна клаузула во корист на банката, од кои со сигурност очекува дека ќе оствари наплата (прилив). Оттука, банката ги вклучува вонбилансните позиции коишто претставуваат обезбедување на дадените кредити во Извештајот за изложеност на валутен ризик според одделни позиции (ОДП-п) и во Збирниот извештај за изложеноста на валутен ризик (ОДП-з), само доколку очекува прилив врз основа на тие позиции, односно кога не очекува сигурна наплата на одобрените кредити. Од друга страна, доколку банката очекува дека редовно и во целост ќе ги наплати одобрените кредити, не ги вклучува вонбилансните позиции коишто претставуваат обезбедување за тие кредити во утврдувањето на отворената девизна позиција. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 2. | Прашање | Дали треба да се вклучат неискористените рамковни кредити издадени во корист на банката во утврдувањето на отворената девизна позиција? |
| | Одговор | Согласно со точка 7 потточка 17 од Упатството за спроведување на Одлуката за управување со валутниот ризик (во понатамошниот текст: Упатството), банката е должна да ги прикаже оние потенцијални побарувања (неискористени рамковни кредити) евидентирани на соодветниот дел од сметките 990 и 991, за кои таа со сигурност очекува дека ќе оствари прилив/наплата. Тоа значи дека банката не треба да ги вклучи оние потенцијални побарувања за кои со сигурност знае дека нема да ги искористи (нема да оствари прилив врз основа на тие побарувања). Меѓутоа, банката е должна конзистентно да ја применува одлуката за вклучување на одредено потенцијално побарување |

| | | |
|---|---|---|
| | | во утврдувањето на отворената девизна позиција. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |